**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), а во врска со член 12 и член 45 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр.81/05), член 192 од Изборниот законик и Упатството за медиумско претставување за време на референдум бр. 01-3764/1 од 17.08.2018 година, се доставува

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 02- 10. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4334 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над медиумското претставување за време на референдум

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 27 септември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 2 октомври 2018 година

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Точка 28 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, а во врска со член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („Вкупно 9-те минути за платена јавна пропаганда, треба да се поделат на две еднакви половини (по 4 минути и 30 секунди), едната за субјектите кои ќе агитираат да се одговори „ЗА" на референдумското прашање, а другата за субјектите кои ќе агитираат да се одговори „ПРОТИВ" на референдумското прашање или ќе агитираат за бојкот на референдумот. Притоа, кој било заинтересиран субјект може да откупи најмногу половина од вкупното време одвоено за платена јавна пропаганда, односно 4 минути и 30 секунди.")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 21 до 27 септември 2018 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на точка 28 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум**.

Имено, 1 ТВ, на 21, 22 и 24 септември 2018 година, одвои повеќе од 4 минути и 30 секунди на еден реален час емитувана програма за платена јавна пропаганда на еден заинтересиран субјект, односно на Собранието на Република Македонија, како нарачател на платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот, му овозможи да откупи повеќе од половина од вкупното време одвоено за платена јавна пропаганда за референдумот на реален час.

На 21 септември 2018 година, во реалниот час од 18:00 до 19:00 часот, емитуваше 8 минути и 44 секунди платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот нарачана од Собранието на Република Македонија, што е за 4 минути и 14 секунди подолго од дозволените 4 минути и 30 секунди на реален час.

**21.09.2018**

| Реален час | Период на емитување на платената јавна пропаганда | Вкупно времетраење | За колку е надминат лимитот | Нарачател |
|---|---|---|---|---|
| 18:00 – 19:00 | 18:19:57 – 18:20:50 | 00:00:53 | 00:04:14 | Собрание на Република Македонија |
| | 18:20:55 – 18:22:23 | 00:01:28 | | |
| | 18:22:29 – 18:23:11 | 00:00:42 | | |
| | 18:23:17 – 18:23:46 | 00:00:29 | | |
| | 18:23:52 – 18:24:27 | 00:00:35 | | |
| | 18:24:32 – 18:24:48 | 00:00:16 | | |
| | 18:47:55 – 18:48:47 | 00:00:52 | | |
| | 18:48:54 – 18:51:24 | 00:02:30 | | |
| | 18:51:30 – 18:52:01 | 00:00:31 | | |
| | 18:52:08 – 18:52:36 | 00:00:28 | | |
| | **Вкупно:** | **00:08:44** | | |

На 22 септември 2018 година, во реалниот час од 22:00 до 23:00 часот, емитуваше 12 минути и 53 секунди платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот нарачана од Собранието на Република Македонија, што е за 8 минути и 23 секунди подолго од дозволените 4 минути и 30 секунди на реален час.

**22.09.2018**

| Реален час | Период на емитување на платената јавна пропаганда | Вкупно времетраење | За колку е надминат лимитот | Нарачател |
|---|---|---|---|---|
| 22:00 – 23:00 | 22:06:27 – 22:07:19 | 00:00:52 | 00:08:23 | Собрание на Република Македонија |
| | 22:07:25 – 22:08:42 | 00:01:17 | | |
| | 22:08:49 – 22:09:46 | 00:00:57 | | |
| | 22:09:52 – 22:11:16 | 00:01:24 | | |
| | 22:25:47 – 22:26:37 | 00:00:50 | | |
| | 22:26:44 – 22:29:15 | 00:02:31 | | |
| | 22:29:20 – 22:29:52 | 00:00:32 | | |
| | 22:29:58 – 22:30:25 | 00:00:27 | | |
| | 22:55:33 – 22:58:04 | 00:02:31 | | |
| | 22:58:10 – 22:58:25 | 00:00:15 | | |
| | 22:58:31 – 22:59:00 | 00:00:29 | | |
| | 22:59:06 – 22:59:54 | 00:00:48 | | |
| | **Вкупно:** | **00:12:53** | | |

На 24 септември 2018 година:

- Во реалниот час од 18:00 до 19:00 часот, емитуваше вкупно 5 минути и 23 секунди платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот, нарачана од Собранието на Република Македонија, што е за 53 секунди подолго од дозволените 4 минути и 30 секунди на реален час;
- Во реалниот час од 20:00 до 21:00 часот, емитуваше вкупно 10 минути и 54 секунди платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот, нарачана од Собранието на Република Македонија, што е за 6 минути и 24 секунди подолго од дозволените 4 минути и 30 секунди на реален час;
- Во реалниот час од 22:00 до 23:00 часот, емитуваше вкупно 10 минути и 18 секунди платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот, нарачана од Собранието на Република Македонија, што е за 5 минути и 48 секунди подолго од дозволените 4 минути и 30 секунди на реален час;
- Во реалниот час од 23:00 до 24:00 часот, емитуваше вкупно 4 минути и 58 секунди платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот, нарачана од Собранието на Република Македонија, што е за 28 секунди подолго од дозволените 4 минути и 30 секунди на реален час.

**24.09.2018**

| Реален час | Период на емитување на платената јавна пропаганда | Вкупно времетраење | За колку е надминат лимитот | Нарачател |
|---|---|---|---|---|
| 18:00 – 19:00 | 18:47:57 – 18:49:36 | 00:01:39 | 00:00:53 | Собрание на Република Македонија |
| | 18:49:42 – 18:50:33 | 00:00:51 | | |
| | 18:50:38 – 18:51:09 | 00:00:31 | | |
| | 18:51:15 – 18:51:38 | 00:00:23 | | |
| | 18:51:44 – 18:52:08 | 00:00:24 | | |
| | 18:52:14 – 18:52:22 | 00:00:08 | | |
| | 18:52:28 – 18:53:55 | 00:01:27 | | |
| | **Вкупно:** | **00:05:23** | | |
| 20:00 - 21:00 | 20:02:38 – 20:04:18 | 00:01:40 | 00:06:24 | Собрание на Република Македонија |
| | 20:04:24 – 20:05:23 | 00:00:59 | | |
| | 20:05:29 – 20:06:03 | 00:00:34 | | |
| | 20:06:09 – 20:06:44 | 00:00:35 | | |
| | 20:06:50 – 20:07:14 | 00:00:24 | | |
| | 20:07:20 – 20:07:28 | 00:00:08 | | |
| | 20:07:34 – 20:08:59 | 00:01:25 | | |
| | 20:51:33 – 20:53:13 | 00:01:40 | | |
| | 20:53:19 – 20:54:22 | 00:01:03 | | |
| | 20:54:28 – 20:54:58 | 00:00:30 | | |
| | 20:55:04 – 20:55:27 | 00:00:23 | | |
| | 20:55:33 – 20:55:41 | 00:00:08 | | |
| | 20:55:47 – 20:57:12 | 00:01:25 | | |
| | **Вкупно:** | **00:10:54** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22:00 – 23:00 | 22:01:26 – 22:02:19 | 00:00:53 | 00:05:48 | Собрание на Република Македонија |
| | 22:02:25 – 22:04:55 | 00:02:30 | | |
| | 22:05:02 – 22:05:44 | 00:00:42 | | |
| | 22:05:50 – 22:06:48 | 00:00:58 | | |
| | 22:06:54 – 22:07:02 | 00:00:08 | | |
| | 22:27:41 – 22:29:20 | 00:01:39 | | |
| | 22:29:27 – 22:30:26 | 00:00:59 | | |
| | 22:30:32 – 22:31:02 | 00:00:30 | | |
| | 22:31:08 – 22:31:32 | 00:00:24 | | |
| | 22:31:38 – 22:31:46 | 00:00:08 | | |
| | 22:31:51 – 22:32:26 | 00:00:35 | | |
| | 22:32:32 – 22:32:52 | 00:00:20 | | |
| | 22:32:58 – 22:33:30 | 00:00:32 | | |
| | **Вкупно:** | **00:10:18** | | |
| 23:00 – 24:00 | 23:32:19 – 23:33:58 | 00:01:39 | 00:00:28 | Собрание на Република Македонија |
| | 23:34:04 – 23:34:55 | 00:00:51 | | |
| | 23:35:01 – 23:35:31 | 00:00:30 | | |
| | 23:35:37 – 23:36:01 | 00:00:24 | | |
| | 23:36:07 – 23:36:15 | 00:00:08 | | |
| | 23:36:20 – 23:37:46 | 00:01:26 | | |
| | **Вкупно:** | **00:04:58** | | |

**7. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на одредбите од точка 28 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, а во врска со член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик**, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 21, 22 и 24 септември 2018 година, одвои повеќе од 4 минути и 30 секунди на еден реален час емитувана програма за платена јавна пропаганда на еден заинтересиран субјект, односно на Собранието на Република Македонија, како нарачател на платена јавна пропаганда „ЗА" референдумот, му овозможи да откупи повеќе од половина од вкупното време одвоено за платена јавна пропаганда за референдумот на реален час, а во неколку реални часови дури и повеќе од вкупното време за платена јавна пропаганда на реален час.

**8. Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 32/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), а во врска со член 45 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните

(„Службен весник на Република Македонија" бр.81/05), член 192 од Изборниот законик и точка 43 од Упатството за медиумско претставување за време на референдум, против радиодифузерот - Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето.

***Сектор за програмски работи***